# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СУДСКИОТ БУЏЕТ ЗА 2006 ГОДИНА

Донесениот Закон за судскиот буџет, кој функционира од 01.01.2004 година, како дел од реформата на правосудниот систем во РМ, предвидува законски одредби за следење на успешноста во реализација на судскиот буџет.

Со судскиот буџет се финансира судската власт во Република Македонија. Судскиот буџет е определен како дел од Буџетот на Република Македонија, односно приходите на судскиот буџет се средствата определени од Буџетот на Република Македонија.

Еволуирајќи во своето постоење судскиот буџет во својата структура со Буџетот за 2006 година, покрај програмата 20-судска администрација, со која се финансираат сите единки корисници на судската власт (судовите и Судскиот Совет на РМ), содржи уште една програма-Г5 -Академија за обука на судии и јавни обвинители, кој субјект како дел од судската власт, е надлежен за стручно усовршување на судиите и јавните обвинители.

### *1. Глобални макроекономски показатели за 2006 година за реализација на Буџет судска власт за 2006 година*

Со Ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2006 година, објавен во Сл.весник на Република Македонија бр. 120/06, за разделот 29010-"Судската власт" извршени се измени на буџетски одобрените средства за 2006 година, со следните показатели:

Незначително намалување на вкупниот буџет за судската власт (заедно со програмата Г5-Академија за обука на судии и обвинители), во апсолутен износ од 388.000 денари, односно за 0,03% од одобрените средства со Буџетот за 2006 година. Измените беа направени на следните програми и следните категории:

#### Програма 20-судска администрација

категорија 40-плати, наемнини и надоместоци, намалување за 18.999.000 денари, или за 1,75%;

категорија 42-тековни расходи, зголемување за 55.425.000 денари, или за 45,69%;

категорија 48-капитални расходи, намалување за 5.000.000 денари или за 9,97%.

#### Програма Г5-Академија за обука на судии и обвинители

категорија 40-плати, наемнини и надоместоци, намалување за 4.537.000 денари, или за 74,99%;

категорија 42-тековни расходи, намалување за 24.277.000 денари, или за 91,41%;

категорија 48-капитални расходи, намалување за 8.000.000 денари, или за 75%.




Анализата на реализацијата на средствата на судската власт за 2006 година, ***која ја зема во предвид само програмата 20-судска администрација, односно работата на судовите***, ги има во предвид сите категории кои ги сочинуваат (*плати, наемнини и надоместоци, тековни расходи и капитални расходи),* **покажува релативен показател на реализација** во однос на одобрениот ребалансиран буџет за судската власт за 2006 година од **98,75 %**, односно **99,11%**, во однос на одобрениот финансиски план за 2006 година, а по категории кои се распределуваат по единките корисници показателите се следни:

категорија 42-тековни расходи релативен показател на реализација од 96,29%;



*Платите и надоместоците од категоријата 40* се операционализираат на централно ниво, со одобрени флуктуации во текот на годината. Во делот на планирање и обезбедување на финансиски средства за оваа категорија, во судскиот буџет за 2006 година не се забележани финансиски тешкотии во нејзината реализација, односно исплатата на платите и надоместоците на вработените во судската власт се одвиваше во рамките на буџетски одобрените средства на оваа категорија. Имено, финансирањето на категоријата плати и надоместоци се одвива без проблеми, заради некоординираноста и динамиката на пополнување на упразнети работни места, односно работните места во судството се празнат многу побрзо од нивното пополнување по автоматизам.

Иако со Законот за Судски Буџет во член 9, став 1, алинеја 3, е дефинирана надлежноста на Судскиот Буџетски Совет во делот на вработувањата, Владата на Република Македонија, конкретно Министерството за финансии и понатаму го дозволува и контролира вработувањето во судската власт со формални согласности, без кои, и покрај обезбедените финансиски средства во тековните фискални години, не е можно вработување на судската администрација.

Ако се разгледува состојбата со човековите ресурси во судството од вкупно потребниот број на стручни соработници во судската власт согласно усвоените систематизации за работни места во судовите, показателите регистрираат релативен параметер од околу *70%* од вкупниот број, што уште повеќе делува на неефикасноста во судството, како и неможност од спроведување на реформи на судската власт.

Во 2006 година скоро во ниеден суд нема ангажираност на приправници, кои како високо образовен стручен кадар со својата пракса во судството треба да се стекне со правно искуство од една страна, а да претставува правна помош за секоја секоја судска институција.

Ваквата состојба во судовите, ги принудува корисниците на судската власт согласно Законот за работни односи и Законот за агенции за привремени вработувања, да ангажираат лица на определено време (привремени вработувања по соодветни основи, вработувања со договори на определено време и сл.). Праксата покажува дека најголем недостаток на човечки ресурси во судовите се забележува кај административно-техничкиот персонал (референти-технички секретар на судија, хигиеничари и сл.административен кадар).

Но, со новите законски решенија за привремени вработувања, повторно судската власт се соочува со процедурални проблеми, заради тоа што и за овие привремени вработувања е потребна формална согласност од Министерството за финансии. Од друга страна доколку се обезбедат ваквите согласности, судовите се судруваат со постапките за избор на агенции за вработување и непородуктивните рокови за нивен избор, согласно законот за јавни набавки. Секако мора да се истакне и фактот дека средствата кои се потребни за истите вработени, се одделуваат од масата на средства за материјални трошоци во судовите, бидејќи истите неможат да се вкалкулираат во категоријата за плати и надоместоци. Тоа пак од друга страна создава состојба на неможност од страна на судовите да ги реализираат оперативните трошоци во судовите, заради зафаќање на голем дел од средствата за материјални трошоци за оваа намена и создавање на големи нереализирани обврски кај истите корисници.

Конечната состојба на вработувања во тек во судската власт е со следните податоци:

| Непополнети работни места за кои е побарана согласност од Министерството за Финансии-синтетички | | |
|---|---|---|
| **р.бр.** | **ЗВАЊЕ** | **Број на вработени** |
| 1 | Самостоен референт | 3 |
| 2 | Виш референт | 4 |
| 3 | Референт | 4 |
| 4 | Помлад референт | 2 |
| 5 | Соработник | 5 |
| 6 | Хигиеничар | 1 |
| 7 | Хаусмајстор | 1 |
| **ВКУПНО** | | **19** |

| Непополнети работни места за кои е добиена согласност од Министерството за Финансии-синтетички | | |
|---|---|---|
| р.бр. | ЗВАЊЕ | **Број на вработени** |
| | Раководител на сектор | 2 |
| | Помошник раководител на сектор | 1 |
| | Раководител на одделние | 2 |
| | Советник | 4 |
| | Стручен соработник | 7 |
| | Помлад соработник | 1 |
| | Самостоен референт | 3 |
| | Виш референт | 13 |
| | Референт | 7 |
| | Помлад референт | 2 |
| **ВКУПНО** | | **42** |

***Поткатегоријата 42-тековни расходи (стоки и услуги) за 2006 година*** е најдинамичната категорија во рамките на судскиот буџет. Алокацијата на средствата за тековни расходи по единки корисници, е направена согласно утврдените потреби за единките корисници на судската власт, следењето на трошоците и динамиката на реализација на истите по судови во изминатиот временски период и заостанатите нереализирани обврски на единките корисници во рамките на истата.

Имено, согласно состојбата на сметките на единките корисници со 31.12.2006 година, анализата може да утврди повеќе видови на степени на реализација на буџетските одобрени средства: според одобрениот буџет,

според одобрениот план и просечен степен на реализација на годишниот буџет за секој суд поединечно.

Оттука можноста за утврдување на структурното учество на секој суд поединечно во одобрените буџетски средства, во одобрениот план годишен и во реализацијата на ставките.

***Инвестициони активности во судството со проекција 2006-2009 година третирани на категоријата 48-капитални расходи***

Одобрените средства во буџетот на судската власт за 2006 година на категоријата 48-капитални расходи, беа во износ од 50.144.000 денари, кој износ во однос на ребалансираните одобрени средства за капитални инвестиции во 2005 година бележеше зголемување од 2,50%.

Инвестициони активности, согласно Годишната Инвестициона Програма за 2006 година, беа во насока на подобрување на нивото на условите за работа на вработените во судските институции, а како дел од спроведувањето на реформата во судството на РМ.

Со донесувањето на Годишната инвестициона програма за 2006 година:

- се реализираа нереализираните обврски и постапки започнати во 2005 година, по минатогодишната Програма за инвестирање во судовите;
- се операционализираа градежните инвестициони проекти кои се во тек, а кои во континуитет ќе продолжат и 2006 година;
- се планираа средства за неопходни санации на судските згради, судници, административен простор во судовите, партерно уредување околу судските згради и сл.;
- се обновија и адаптираа архивските простории;
- се изврши набавка на мебел и опрема за опремување на судници, архивски простории, судовите.

Годишната Програма за инвестирање во судовите за 2006 година, а во рамките на одобрените буџетски средства за оваа намена, беше со следната распределба:

- категоријата 481-градежни објекти се планира со 112,62%, односно во апсолутен износ од ***36.200.000 денари***,
- категоријата 482-други градежни објекти се планира со 219,07%, односно во апсолутен износ од ***6.572.000 денари***,
- а категоријата 483-купување на мебел, опрема, возила и машини се планира со 49,15%, односно во апсолутен износ од ***7.372.000 денари***.

Вкупната распределба на капиталните расходи се планираше со 100%, односно во апсолутен износ од 50.144.000 денари.

Внатрешните прелевања помеѓу ставките во рамките на категоријата капитални расходи, се спроведуваат со одлука на Судскиот Буџетски Совет, а согласно трезорското работење и Законот за извршување на буџетот на РМ за 2006 година.

*ПРИОРИТЕТНИТЕ НОВИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ* во Инвестиционата Програма за 2006 година, (ставка 481 и 482), се планираа

за инвестиционите активности кои беа во тек и кои требаше да се континуитет и во оваа фискална година како на пример:

- воспоставување на проект-локална мрежа во судовите за имплементација на Автоматизираниот Буџетски Менаџмент Систем;
- втора фаза од адаптацијата на судниците во ОС Велес;
- надградба на судската зграда на Апелациониот суд во Штип;
- реконструкција на кровната конструкција со надградба на Основниот суд Гостивар;
- доградба на Врховен суд на Република Македонија.

*ВО ДЕЛОТ НА ОПРЕМУВАЊЕТО НА СУДОВИТЕ* во Инвестиционата Програма за 2006 година, (ставка 483), се инволвирани најприоритетните потреби од опрема, мебел, и др. основни средства за работа.

*ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НОВИТЕ ЗАКОНСКИ ПРОЕКТИ* како Законот за кривична постапка, Законот за парнична постапка, во Годишната програма за инвестирање во судовите за 2006 година заради необезбедени односно неодобрени дополнителни средства во буџетот на судската власт, не е предвидена.

Модернизацијата и реконструкцијата на судовите по новата организациона поставеност согласно законот за судовите, кој Закон стапи во сила од 01.01.2007 година, ќе се врши согласно извршените физибилити студии и приоритетите во судството, а утврдени од Судскиот Буџетски Совет. Овие активности ќе се спроведуваат во соработка со Светската Банка, односно преку новиот кредитен аранжман на Владата на Република Македонија и преку Меморандумот за соработка со УСАИД - Проектот за модернизација на судството во Република Македонија.

*ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ* со Проектот за модернизација на судството во Република Македонија, кој се спроведува преку УСАИД-ДПК-компонента за подобрување на просторните капацитети во судовите:

- адаптација и опремување на судница во Основен суд Скопје 1;
- доградбата на Врховниот суд на Република Македонија;
- реконструкција на влезниот хол во ОС Охрид и
- хардверска опрема во судовите за имплементација на Автоматизираниот Буџетски Менаџмент Систем;
- реанимирање на СИС во пилот судовите Охрид и Крива Паланка.

По усвојувањето на Годишната програма за инвестирање во судовите за 2006 година, единките корисници на судската власт, како носители на јавните набавки, а согласно решенијата за обезбедени финансиски средства за инвестициони активности за 2006 година, спроведуваат соодветните активности:

- набавките се реализираат со спроведување на соодветни постапки за јавни набавки, согласно Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр. 19/04);
- документацијата од спроведените постапки за јавни набавки и останатата документација за реализација на инвестиционите активности во судовите да се достава до Секторот за судски буџет во Врховниот суд на Република Македонија;

- исплатата на средствата за изведените работи согласно договорите за градење, доставените градежни ситуации/фактури, изготвените записници за технички прием, односно за завршените инвестициони фази, се спроведува од раздел 29010-судска власт, сметка судски буџет, програма 20-судска администрација, категорија 48-капитални расходи.

По завршување на третиот квартал од тековната фискалната 2006 година, Секоторот за судски буџет доставува *Квартален извештај за реализација на Програмата за инвестирање во судовите за 2006 година*, кој беше разгледан на седница на Судскиот Буџетски Совет. Направениот пресек по завршување на првиот квартал, покажа реализација со релативен показател од ***29,54%,*** односно ***14.813.614,00 денари***.

Направената проекција и следењето на инвестиционите активности во судовите до крајот на 2006 година, предвидуваше реализација со релативен показател од ***88,74%,*** односно ***44.498.596,00 денари.***

Според овие показатели, Годишната програма за инвестирање во судовите за 2006 година, која беше планирана со вкупен износ од 50.144.000,00 денари и со горенаведените проекции, предвидуваше забавена реализација, со проектиран остаток од 5.645.000,00 денари, или 11,26%.

Важно за напомена е дека во анализираниот период (завршување на трет квартал од тековната година) мерилата за успешност на инвестиционата програма за 2006 година, беа направени без предвидување на Ребаланс на Буџетот за 2006 година.

Согледаните состојби наложија усвојување на ***Измена на Годишната програма за инвестирање во судовите за 2006 година, а како еден механизам за контола и следење на извршувањето на судскиот буџет.***

Имено, со цел искористување на буџетските одобрени средства за инвестициони активности во судовите, а сепак имајќи го во предвид престојниот Ребаланс на Буџетот на РМ за 2006 година е изговена Измена на инвестиционата годишна програма во судовите за 2006 година со следните акценти:

1. Измената на инвестиционата годишна програма во судовите за 2006 година ги содржеше сите дополнителни барања доставени од судовите во текот на фискалната година, заради непредвидени инвестициони активности во судовите.
2. Во измената се вклучија сите тековни измени на активностите во судовите, како заради промена на наменското користење на одобрените средства, така и заради дополнителните активности по извршените инвестиции, кои се регулирани со анекс договори.
3. Со Измената се овозможи максимално искористување на средствата од Буџетот за 2006 година наменети за капитални расходи, односно таа ја корегира динамиката на реализација на Програмата, со цел максимално и наменско искористување на капиталните расходи.
4. Усвоената Измена на годишната инвестициона програма за судовите за 2006 година, за судовите кои ќе обезбедат дополнителни средства со истата, претставуваше обврска со која требаше да се

реализираат инвестиционите активности до крајот на фискалната 2006 година, а со почитување на Законот за јавни набавки.

5. Измената на годишната инвестициона програма во судовите за 2006 година е писмено доставена, согласно Законот за судски буџет, до Министерството за финансии, Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

Наспроти горенаведеното, во месец ноември е усвоен од страна на Собранието, Ребалансот на Буџетот за 2006 година, кој обезбеди нови показатели и потреба од прилагодување на буџетските корисници за негфовото спроведување.

Фактичките и конечните податоци за следење на инвестиционите активности во судовите до крајот на 2006 година, покажуваат реализација со релативен показател од ***89,63%,*** односно ***40.4628.126,00 денари.***

СПОРЕД РЕБАЛАНСОТ НА БУЏЕТОТ НА РМ ЗА 2006 ГОДИНА, показателите за вредностите на Годишната програма за инвестирање во судовите за 2006 година, беа во вкупен износ од 45.144.000,00 денари, а конечниот остаток со состојба 31.12.2006 година покажува вредност од 3.684.270,00 денари, или 10,37%.

Ако се навратиме на глобалните показатели за движењето на одобрените средства за капитални расходи за период од почетокот до крајот на фискалната година, трендот се движи по надолна линија и бележи намалување од 9,97%.

Во проекцијата на ***капиталните расходи (категорија 48), 2007-2010 година ќе се инволвираат следните стратешки приоритети и цели***:

- обезбедување на континуитет во Програма со проекција за стабилно финансирање на капиталните инвестиции во судовите проекцијата;
- инвестиционо одржување на објектите и опремата во судовите;
- координација во инвестиционите активности со меѓународните донатори УСАИД и Светската банка;
- финансиска поддршка во операционализацијата на новиот закон за судовите во Република Македонија во делот на капиталните инвестиции (конечно завршување на ОС Прилеп, обезбедување на услови за новиот апелационен суд во Гостивар, како големи капитални зафати).




| | плати | придонеси | други давачки | патни и дневни трошоци | комунални услуги | материјали | одржување | договорни услуги | оперативни трошови | градежни работи | други инвестицини работи | опрема |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сериес1 | 99,99 | 99,99 | 99,91 | 83,95 | 98,03 | 98,23 | 90,67 | 95,27 | 94,79 | 94,38 | 100,00 | 60,26 |




| | 40 | 42 | 48 |
|---|---|---|---|
| Апелациона подрачје Скопје | 94,11 | 94,15 | 89,63 |
| Апелациона подрачје Штип | 99,96 | 91,44 | 0,00 |
| Апелациона подрачје Битола | 99,99 | 97,37 | 0,00 |

***Заклучоци на Судскиот Буџетски Совет за успешноста во операционализацијата на судскиот буџет за 2006 година и насоки за понатамошно спроведување на судскиот буџет:***

- ***почетниот буџет*** за судската власт за 2006 година беше ***недоволен за остварување на основната функција на судовите***;
- ***во текот на годината се превземаат активности*** со одлуки на Судскиот Буџетски Совет заради ублажување на состојбата во тековните расходи на судовите :

- реалоцирања на финансиски средста заради понатамошно ублажување на состојбата во тековните расходи на судовите во вкупен износ од 13.000.000 денари и тоа за ставка 421 одобрена пренамена во

вредност од 10.000.000 денари и за ставка 425 одобрена пренамена од 3.000.000 денари (реалокацијата е извршена од категорија 40-плати и надоместци, со согласност од Министерството за финансии);

- спроведени се постапки за централизирана набавка на гориво за затоплување и намалување на обврската кон институтот за судска медицина и криминалистика;

- по барање на судовите извршени се бројни пренамени на средства во рамките на категоријата 42-тековни расходи, со цел рационално искористување на одобрените финансиски средства;

- ***со Ребалансот*** на буџетот за 2006 година ***дополнително е ублажена е состојбата на недостаток на средства за категорија 42-тековни расходи*** со одобрен ребалансиран буџет зголемен за 45,69%;
- релативните показатели на реализација укажуваат на ***голем степен на искористеност на одобрените ставки***, иако се соочуваат со ***големи нереализирани обврски***. Вкупниот долг кон доверителите на ниво на судска власт изнесува ***104.756.000 денари***;
- ***работењето на судовите во 2006 година, е со континуирани редовни ревизиски контроли од Заводот за државна ревизија на Република Македонија,*** а извршените контроли констатираат неправилности во процесот на извршувањето на судскиот буџет во судот, кои неправилности судовите мора да ги отстранат.
- ***контрола на извршувањето на судскиот буџет*** се врши и согласно одредбите од Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија и трезорскот работење во Република Македонија.
- ***со судскиот буџет е направен голем чекор напред во зајакнување на контрола во трошењето*** на буџетските средства преку трезорскиот систем на Република Македонија, централизираната распредебна на средствата по судовите и тековното и секојдневното следење на спроведување на активностите;
- ***перманентно исполнување на одредбите од Рамковниот Договор***, во однос на примената на јазикот на припадниците на заедниците и начелото на соодветна и правична застапеност;
- ***основен проблем и понатаму останува големиот износ на заостанатите нереализирани обврски на судовите***, а кои го попречуваат функционирањето на основната дејност на судовите.

Заклучно со 31.12.2006 година, износот на нереализираните обврски за судската власт ако заклучно со 31.12.2006 година тие изнесуваат ***104.756.000, наспроти евидентираните обврски*** со состојба 31.12.2004 кои изнесуваа 72.849.000 денари, и тоа:

Најголем товар за судовите претставуваат обврските над 60 дена, кои всушност се и заостанатите нереализирани обврски на судовите од предходните години, а тие учествуваат со 68,61%.

Ако се земе во предвид структурата на заостанатите нереализирани обврски на судовите по ставки најголемите долгови се однесуваат на:

- *ставката за комуникации и транспорт*, со заостанати обврски во износ од 19.087.159 денари;

- *ставката за договорни услуги* (преводи, судски вештачења, договорни услуги и сл), со заостанати обврски во износ од 24.581.707 денари и

- *ставката за оперативни трошоци на судовите*, со заостанати обврски во износ од 15.998.543 денари.

- со судскиот буџет за 2007 година ***треба да се поддржат стратегиските приоритети и цели на Судскиот Буџетски Совет :***

  - *финансиска поддршка во операционализацијата на новиот закон за судовите  во Република Македонија,* а во рамките на обезбедените средства за 2007 година;

  - *финансирање, следење и контрола на трошоците за редовно функционирање и работа на судовите* (трошоци во постапките, стоки и услуги и други трошоци);

  - *имплементација на новиот информатициониот систем во судската власт (АБМС)*, со предходно завршување на сите објективни инфраструктурни активности за негово непречено функционирање;

  - *финансиска поддршка на реформите во судството во Република Македонија*, заради јакнење на независноста и самостојноста на судството во однос на законодавната и извршна власт;

  - *спроведување на одредбите за судскиата полиција* во законот за судовите, согласно одобрените финансиски средства во судскиот буџет за 2007 година;




## ***Реализација на сопствените приходи на судовите за 2006 година***

Со судскиот буџет определен како дел од Буџетот на Република Македонија, покрај редовното работење на судовите се планира, усвојува и операционализира и буџетот на сопствените приходи на судовите. Тие се однесува на планирање и операционализирање на приходи кои судовите самостојно ги остваруваат, а со кои приходи  се потпомага остварувањето на дејноста на судската власт, како дополнителен извор на средства.

*Истите се остваруваат по следните основи:*

- приходи остварени од надомест на трошоци за судска и прекршочна постапка;
- приходи остварени од други неданочни приходи;
- приходи од одземени средства по посебни прописи;
- приходи од осигурувања на имот;
- приходи остварени од други владини услуги.

Од вкупните приходи кои судовите ги остваруваат од услуги на буџетските корисници за 2006 година, најголемо учество имаат приходите остварени од надомест на трошоци за судска и прекршочна постапка со 95,7%.

Распределбата на сопствените приходи на судовите е направена врз основа на буџетски одобрените средства за сопствени приходи за 2006 година, а кои се користат пред се за покривање на тековните расходи на судовите. Понатаму, алокацијата на средствата на сметките за сопствени приходи по единки корисници е направена согласно утврдените потреби за единките корисници на судската власт, следењето на трошоците и динамиката на реализација на истите по судови во 2005 година и нереализираните обврски на единките корисници за намени во рамките на истата.




***Во 2006 година годишниот одобрен буџет за сопствени приходи на судовите беше утврден на 63.608.000 денари, за да со ребалансот на буџетот за 2006 година биде корегиран на 68.826.000 денари. Неговата годишна реализација е во износ од 59.551.253 денари, или во релативен показател реализација од 89,20%.***

Согласно состојбата на сметките за сопствени приходи на единките корисници со 31.12.2006 година, анализата и овде може да утврди повеќе видови на степени на реализација на буџетските одобрени средства: според одобрениот буџет, според одобрениот план и просечен степен на реализација на годишниот буџет за секој суд поединечно.

Оттука можноста за утврдување на структурното учество на секој суд поединечно во одобрените буџетски средства, во одобрениот план годишен и во реализацијата на ставките.

*При операционализацијата на овие приходи во 2006 година е одобрен поголем годишен план за трошење во износ од 5.218.000 денари,* по барање на судовите, а заради повеќе обезбедени сопствени средства на сметките за сопствени проходи. Односно, тоа покажува дека во текот на 2006 година, судовите самостојно оствариле приходи, со кои се потпомага остварувањето на дејноста на судската власт, како дополнителен извор на средства. Корекцијата на сопствените приходи е извршена со усвоениот Ребаланс на Буџетот на РМ за 2006 година.

Важно за напомена е следното: неискористените средства на сметките за сопствени приходи, со почнувањето на новата буџетска и фискална година, односно салдата на овие сметки се пренесуваат со можност за трошење во 2007 година.

***Анализата на реализацијата на сопствените средства на судовите за 2006 година,*** замајќи ги во предвид категоријата за која се трошат (*тековни расходи и капитални расходи),* покажува релативен показател на реализација од 89,20%, а по категории показателите се следни:

категорија 42-тековни расходи релативен показател на реализација од 89,17%;

категорија 48-капитални расходи релативен показател на реализација од 96,71%.




| | вкупно 40 | вкупно 42 | вкупно 48 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| вкупно по ставки буџет 2006 | 0 | 68.616.000 | 210.000 | 68.826.000 |
| годишен план вкупно по ставки 2006 | 0 | 66.553.205 | 210.000 | 66.763.205 |
| реализација вкупно по ставки 2006 | 0 | 59.348.155 | 203.098 | 59.551.253 |

***Заклучоци на Судскиот Буџетски Совет:***

- Сопствените приходи на судовите се со поголема флексибилност на трошење, иако подлежат на трезорското работење како и буџетските средства.
- Тековната реализација на годишно распределените буџетски средства за сопствени приходи на судовите, е обврска на секој претседател

на суд, кој е одговорен за извршувањето на годишно распределениот буџет за сопствени приходи за соодветниот суд.

- И сметките за сопствени приходи на судовите подлежат на редовни ревизиски контроли од Заводот за државна ревизија на Република Македонија, а извршените контроли ќе ги констатираат неправилности во процесот на извршувањето на судскиот буџет во судот, за кои неправилности ќе мора да се отстранат од страна на судовите и се нивна одговорност.
- Контрола на извршувањето на сметките за сопствени приходи се врши и согласно одредбите од Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија.




| | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|
| вкупно 40 | 3.569.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| вкупно 42 | 64.784.000,00 | 63.608.000,00 | 68.616.000,00 |
| вкупно 48 | 371.000,00 | 210.000,00 | 210.000,00 |

*Скопје, март 2007*